Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), а согласно Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 2/25), Општина Велес распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за формирање на Иницијативен одбор за конституирање**
**на Локално Собрание на млади на Општина Велес**

Општина Велес формира Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес, кој претставува неформална група со цел конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес.

Иницијативниот одбор е составен од пет (5) члена, жители на Општина Велес, на возраст од 15 до 29 години.

Мандатот на членовите на Иницијативниот одбор трае до одржување на конститутивното Локално Собрание на млади.

Општина Велес ја спроведува постапката за избор на членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес, а работата на истото се координира и помага од Службеникот за млади во Општина Велес.

**УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР:**

- Поддршка на општината во креирањето или ревидирањето на актите и Одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот Младински Совет;
- Распишување повик за конститутивно Локално Собрание на млади во согласност со Статутот на општината, по принципот на јавност и транспарентност;
- Соработка со општината при организација и одржување на конститутивното Локално Собрание на млади.

**ВО ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР МОЖАТ ДА ЧЛЕНУВААТ:**

- Младински организации;
- Организации за млади;
- Политички подмладоци;
- Ученички организации;
- Студентски организации;
- Други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на општината и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот Младински Совет.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ:**

- Портфолио на организацијата / групата / здружението;
- Годишна програма на организацијата / групата / здружението;

- Извештај за активностите со млади во изминатата година на организацијата / групата / здружението;
- Пријава за номинација на претставник за член во Иницијативниот одбор и контакт информации;
- Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице;
- Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата од номинираното лице за член во Иницијативниот одбор и
- Кратко мотивациско писмо и кратка биографија од номинираното лице.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:**

- Жител/ка на Општина Велес;
- Возраст од 15 до 29 години и
- Проактивен/на, креативен/на и способен/на за индивидуална и тимска работа.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ:**

Пријавите за членство во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес со потребната документација во еден оригинален примерок, потпишан и заверен со печат и штембил од одговорното лице, во затворено плико, адресирани до Општина Велес, ул. „Панко Брашнаров" бр. 1, 1400 Велес, се доставуваат во архивата на Општина Велес, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот со назнака: *„За Јавниот повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес"*.

**РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:**

Седум (7) работни дена од денот на објавување на Јавниот повик, започнувајќи од четврток, 20 февруари, заклучно со петок, 28 февруари 2025 година.

Број 11-1222/2
19. 02. 2025 година
Велес

Општина Велес